„Овие протести покажаа дека **храброста и истрајноста можат да променат многу**. Од борба за воздух – до пример за човечност и заедништво. Нека ова биде инспирација и за другите иницијативи низ Македонија“,  вака им се обрати на собраните граѓани еден од членовите на независната иницијатива „Стоп за Вардариште“ кои 40 дена **преку протест се бореа против загадувањето од депонијата Вардариште**. Иницијативата беше на граѓаните кои побараа чист воздух, здрава животна средина и одговорни институции. Тие јасно ги кажаа своите барања и ги доставија до надлежните институции. Протестот го ставија во мирување дури откако почнаа да се реализираат дел од нивните барања за да им дадат простор на институциите да си ја завршат работата. Но предупредија, „ако процесот застане, ако ветувањата не се исполнат, повторно ќе се вратиме, посилни и побројни од кога било!“




[Граѓаните за промена #22]